**РЕФЕРАТ**
**ЗА КАНДИДИРАЊЕ ЗА ИЗБОР НА ПРОФ. Д-Р ТРАЈЧЕ СТАФИЛОВ ЗА ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ**

## КРАТКА БИОГРАФИЈА

Д-р Трајче Стафилов е роден на 20 октомври 1949 година во с. Чемерско, Кавадарци. Основно училиште и гимназија завршил во Кавадарци. Во учебната 1968/69 година се запишал на групата за применета хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Факултетот го завршил (со среден успех 9,00) во 1972 година, здобивајќи се со звањето дипломиран инженер по хемија. По отслужувањето на воениот рок, во учебната 1973/74 година се запишал на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје и тоа на групата за молекуларна спектроскопија. Постдипломските студии ги завршил (со просечен успех 10,00) во 1977 година и успешно ја одбранил магистерската работа под наслов „Вибрациони спектри на некои циклични амиди и нивни метални соединенија“. Во 1982 година ја пријавил, а во 1985 година ја одбранил докторската дисертација под наслов „Застапеност на ретки и благородни метали во арсен-антимонската руда од Алшар и можност за нивно концентрирање“ и со тоа се здобил со звањето доктор по хемиски науки.

Во 1974 година бил примен за асистент по предметот аналитичка хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, а во 1978 година преминал на работа во Рудници и индустрија за никел, челик и антимон ФЕНИ во Кавадарци, на работното место раководител на лабораторија. Во ФЕНИ раководел со изградбата, опремувањето, пуштањето во работа и работењето на лабораторијата. Во 1985 година го напуштил ФЕНИ и се вработил како стручен соработник во Институтот за рударство и металургија при Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје каде што, во 1986 година, бил избран во звањето научен соработник. Во 1988 година на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет е избран за доцент, во 1993 година за вонреден професор, а во 1997 година за редовен професор по предметот Операции и процеси во хемиската индустрија. Од 2017 година проф. Стафилов заминува во пензија иако продолжува континуирано со неговата научноистражувачка активност.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

Со научноистражувачка работа Стафилов почнал да се занимава по запишувањето на постдипломските студии (во 1973 година). Главни подрачја на научен интерес на проф. Стафилов се истражувањата во аналитичката хемија, а посебна специјалност му е атомската апсорпциска и емисиска спектрометрија. Освен тоа се занимава и со примена на хроматографските методи за анализа на траги и со контрола во технолошки процеси. Од негов особен интерес е и хемијата на животната средина. Во изучувањата применува разни методи,

од кои, главно, ги користи атомската апсорпциска и емисиска спектрометрија, гасната хроматографија со масено-спектрометриска идентификација на компонентите, високоефикасната течна хроматографија како и спектроскопијата.

Проф. Стафилов досега објавил над 500 трудови печатени во научни списанија. Од овој број, 274 труда (како и 38 труда прозилезени од реализација на европски проекти) се печатени во списанија со фактор на влијание, односно импакт фактор (IF), со што проф. Стафилов се издвојува како истражувач кој има најголем број објавени трудови во списанија со импакт фактор од истражувачите во РС Македонија. Во базата SCOPUS проф. Стафилов досега има објавено 322 труда. Презентирал и над 650 трудови на научни манифестации. Според *Science Citation Index*, објавените резултати од научната работа на професор Стафилов се цитирани 5.185 пати, додека во базата SCOPUS тој број изнесува 7.340 цитати, што го вбројува проф. Стафилов меѓу најцитирани автори од РС Македонија. Проф. Стафилов е автор или коавтор на вкупно 25 научни монографии, 34 поглавја во научни монографии и 10 монографии од системски карактер.

Во својата научноистражувачка активност, проф. Стафилов работи на повеќе области од хемијата, меѓу другото на проблеми од областа на аналитичката хемија, хемијата на животната средина и во подрачјето на молекулската спектроскопија. Освен тоа, работел и на следењето на технолошки процеси во рударството и металургијата. Притоа, применува различни методи од кои, главно, ги користи атомската апсорпциска и емисиска спектрометрија, гасната хроматографија со масена спектрометрија, високоефикасната течна хроматографија и инфрацрвената и ултравиолетовата-видливата спектроскопија.

Карактеристично за научната работа на д-р Трајче Стафилов е тоа што тој околу себе собира не само голем број дипломци, туку и магистранди и докторанди и тоа не само од сопствениот факултет, туку и од повеќе различни институции (наставно-научни, научни и други) од Скопје, од внатрешноста и странство. Со тоа проф. Стафилов придонесува за формирање нови истражувачки кадри, истовремено поттикнувајќи ги да ѝ ги презентираат своите резултати на научната јавност.

Покрај тоа, тој воспоставува широка и плодна соработка со многу научни работници од странски институции (Германија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Турција, Русија, Србија, Албанија, Данска), и во коавторство со нив објавува трудови во реномирани светски списанија. Овие соработки се проследени и со ангажирање на проф. Стафилов во прифаќање на постдокторанди од различни земји (Бугарија, Албанија, Косово, Словенија, Турција) на дополнително усовршување во областа на атомската спектроскопија и хемијата на животната средина.

За обележување е и неговото вклучување во реализацијата на европските проекти за изработка на геохемиски атласи на почвите и на следење на загадувањето на воздухот во Европа. Од овие соработки произлезени се поголем број научни трудови како и многу значајни книги со големо научно значење. Со тоа тој ја афирмира нашата земја во меѓународни рамки. Може слободно да се каже дека неговата целокупна научна активност го издигнува професор Стафилов во водечки научник од областа на аналитичката хемија и хемијата на животната средина во РС Македонија, а во исто време, како мошне реномиран и ценет научник, и надвор од границите на нашата земја. Проф. Стафилов од 2007 година е ангажиран и од страна на Обединетите нации во работата на Програмата за животна средина на Обединетите нации (UNEP) како член на Координациската група за глобален мониторинг-план за перзистентни

органски супстанци (GMP), а од 2012 година и во Комитетот за ревизија на перзистентните органски супстанци (POPRC).

Главната научна активност на проф. Стафилов е ориентирана кон развој и модификација на аналитички методи за определување на различни аналити во разнообразни примероци. Може да се каже дека најмногу е застапена активноста во развојот на методи за определување на елементи во траги со примена на атомската апсорпциска спектрометрија, во примероци од руди, минерали и почви, води, воздух, храна, во биолошки примероци, лековити растенија и други.

Треба да се напомене дека проф. Стафилов посветил одредено внимание во своите истражувања и на подобрување на одделни индустриски процеси преку воведување посебни технолошки решенија или преку воведување нови суровини. Од овие истражувања објавени се голем број трудови во меѓународни и домашни списанија, а изготвени се и десетици студии за определени технолошки процеси.

Покрај тоа, секако треба да се нагласи дека голем дел од научната активност на Стафилов се однесува на изучувања од областа на хемијата на животната средина. Овие истражувања се поврзани со воведување методи за определување на различни токсични метали и супстанци во различните медиуми на животната средина, и со воведување на мониторинг за следење на загаденоста на воздухот, водите, почвите, како и на влијанието на токсичните супстанци врз живиот свет (преку анализи на овие супстанци во воздухот, водите, почвите, храната и други) во различни региони во РС Македонија. Така, проф. Стафилов активно учествувал во реализацијата на првиот мониторинг за автоматско следење на загадувањето на воздухот во РС Македонија (преку проектот на Јапонската меѓународна агенција), на мониторингот за следење на застапеноста на перзистентните органски супстанци во Македонија реализиран преку UNEP, а врз основа на долгогодишни истражувањата изготвува геохемиски атласи на загаденоста на почвите во различни контаминирани области во Македонија (Велес, Кавадарци, Битола, Радовиш, Кичево, Скопје), а учествува и во изготвувањето на Европскиот геохемиски атлас на воздухот и почвите. Во последните дваесетина години интензивно работи на изготвување на геохемиски атласи и сите региони во Македонија со печатење на првиот геохемиски атлас на РС Македонија, објавен во 2016 година, со што земјата се здоби со извонредено важни податоци за почвите за различни намени на национално ниво. За одбележување се и активностите во истражувањето на загаденоста на воздухот со тешки метали во Македонија преку примена на биомониторинг (примероци од мов, од лишаи и од мед), како и користење на атомската апсорпциска и емисиска спектрометрија и неутронската активациска анализа со што е постигнато и активно влучување во европскиот мониторинг на тешките метали.

Професор Стафилов одржал импозантен број на дури 61 пленарна и 8 секциски предавања на разни научни манифестации, како и 12 предавања по покана од научни институции. Бил рецензент на голем број книги и трудови за бројни издавачи на научна литература од целиот свет што, несомнено, претставува признание за неговите научни квалитети и достигнувања.

Д-р Стафилов е автор или коавтор на вкупно 25 научни монографии, 34 поглавја во научни монографии и 10 монографии од системски карактер.

Бил член на организациски или научни одбори на вкупно 66 научни манифестации, од кои на 7 бил претседател на одборите.

## МЕНТОРСТВО И ПРОЕКТИ

Проф. Стафилов бил ментор на дури 21 одбранета докторска дисертација, на 45 магистерски трудови, на 7 специјалистички работи и на над 150 дипломски работи. Тоа доволно зборува за неговиот придонес кон едуцирање на млади научни кадри кои подоцна се вработуваат во разни индустриски капацитети, но и во јавни институции од областа на фармацијата, здравството, зачувувањето на животната средина и слично. Со ова проф. Стафилов значително помогнал во создавањето на наставно-научен кадар и кадар за индустријата од областа на хемијата во Македонија.

Учествувал во изработката на над 110 научноистражувачки проекти од кои 60 меѓународни (17 пати раководител) и 50 домашни (16 пати раководител).

## НАСТАВНА АКТИВНОСТ

Како асистент, Стафилов изведувал вежби по предметите: Аналитичка хемија за студентите по хемија и Медицинска хемија за студентите од Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет.

На Институтот за хемија при ПМФ во Скопје, професор Стафилов бил ангажиран и квалитетно одржувал настава по предметите Индустриска хемија и Експериментална аналитичка хемија (за студентите од применетата насока) и Токсиколошка хемија за студентите од насоката Аналитичка биохемија. Две години држел настава по предметот Основи на хемиската технологија (1988/89 – 1989/90) и една година по предметот Хемиско школско експериментирање (1991/92). На постдипломските студии на Институтот за хемија бил одговорен наставник за предметите Спектроскопски и радиохемиски аналитички методи и Хемија на животната средина.

Автор е на 7 учебни универзитетски помагала, а автор/коавтор е и на три иновации и 7 патенти.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Проф. Стафилов во три мандатни периоди од по 4 години бил член, потоа секретар и главен уредник на Уредувачкиот одбор на списанието *Гласник на хемичарите и технолозите на Македонија*, а во моментов е член на Издавачкиот совет на списанието кое сега носи назив *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*. Од 2023 година тој е главен уредник на научното списание *Macedonian Journal of Ecology and Environment*. Во периодот 2000 – 2002 година, бил член на Уредувачкиот одбор на списанието *International Journal of Molecular Sciences*, од 2005 година член е на Уредувачкиот одбор на списанието *International Journal of Pure and Applied Chemistry*, а од 2005 година досега е член на Уредувачкиот одбор на поголем број меѓународни научни списанија: *International Journal of Pure and Applied Chemistry*, *The Open Paleontology Journal*, *Global Journal of Environmental Science and Technology*, *International Journal of Environmental Protection*, *Macedonian Journal of Ecology and Environment*, *ISRN Spectroscopy*, *Journal of Environmental Trace Analysis*, *Modern Chemistry & Applications*,

*Frontiers in Soil Science*, *International Scholarly Research Notices – Environmental Chemistry* и *Journal of Agriculture Science and Applications*. Тој е член на Академијата за еколошки науки на Балканската асоцијација за екологија (BENA Academy for Environmental Sciences), Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија, Balkan Environmental Association и Македонското еколошко друштво. Од 2023 година е избран и за член на Европската академија (Academia Europaea) со седиште во Лондон.

Проф. Стафилов од 2007 година е ангажиран и од страна на Обединетите нации во работата на Програмата за животна средина на Обединетите нации (UNEP) како член на Координациската група за глобален мониторинг-план за перзистентни органски супстанци (GMP) а од 2012 година и во Комитетот за ревизија на перзистентните органски супстанци (POPRC).

Имал кратки студиски престои во Applied Research Laboratories, Lozanne, Switzerland (1982), Institute of Nonferrous Metals, Freiburg, Germany (1990), Max-Plank Institute of Nuclear Physics, Heidelberg, Germany (1991 и 1994), Japan Environment Assessment Center, Tokyo, Japan (1998) и Uludag University, Faculty of Science, Department of Chemistry, Bursa, Turkey (1999). Бил раководител на лабораторијата во ФЕНИ во Кавадарци (1978 – 1985), раководител на Одделението за хемиско-технолошки испитувања при Институтот за рударство и металургија во Скопје, раководител на Заводот за физичка хемија, шеф на Институтот за хемија при ПМФ, раководител на постдипломските студии по хемија на ПМФ (2003 – 2013). Бил секретар на Научниот совет на Институтот за рударство и металургија при Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје (1986 – 1988), претседател на Советот на Природно-математичкиот факултет во Скопје (1991 – 1993), член на Советот на министерот за животна средина на Република Македонија (1999 – 2003), член на Советот за води на Република Македонија (2010 – 2014).

## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Проф. Стафилов во 2009 и во 2017 година ја добил наградата „Гоце Делчев“ како општествено признание за особено значајно остварување во сите области од науката од интерес на РС Македонија за монографиите „Геохемиски атлас на Велес и околината“ и „Геохемиски атлас на Република Македонија“. Во истата година добил и Плакета за придонес и афирмација на Универзитетот. За обележување е и доделеното признание од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кој во 2022 година му доделил на проф. Стафилов посебна Плакета во знак на признание за посебен придонес за развојот на научноистражувачката дејност, интернационализацијата и афирмацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за исклучително достигнување во кариерата и објавени повеќе од 100 научни трудови афилирани на Универзитетот, индексирани во базата Web of Science и за исклучително достигнување во кариерата и меѓународно признаена извонредност преку застапеност во листата на Stanford University World’s Top 2% Scientists за целата кариера заклучно со 2021 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кусиот преглед на резултатите од научната (а и другата) работа на проф. Стафилов покажува дека станува збор за сестран, плоден и неуморен научник од областа на аналитичката

хемија и хемијата на животната средина, човек којшто придонесува за развитокот на хемијата во нашата земја и за нејзината афирмација надвор од РС Македонија.

Врз основа на сето погоре изложено, ми претставува особено задоволство да му предложам на Одделението за природно-математички и биотехнички науки да го номинира д-р Трајче Стафилов за кандидат за почесен член на Македонската академија на науките и уметностите. Ваквата номинација, секако, би претставувала признание за неговата богата научна активност. Од друга страна, при позитивен исход на претстојните избори во Македонската академија на науките и уметностите, Академијата во своите редови би добила плоден научник со широки интереси и со извонредни постигања. На крај, сакам да истакнам дека и човечките квалитети на проф. Стафилов, неговата способност за соработка и отсуството на конфликтност се мошне значајни и, секако, треба да се имаат предвид.

академик Глигор Јовановски



**РЕФЕРАТ**
**ЗА КАНДИДИРАЊЕ НА ПРОФЕСОР Д-Р ТРАЈЧЕ СТАФИЛОВ ЗА ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ**

Со Одлука на Одделението за природно-математички и биотехнички науки при Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), донесена на седницата одржана на 22 јули 2025 година, а во врска со Конкурсот за избор на членови на МАНУ од 18.4.2025 година, определен сум за рецензент за оценка на професорот д-р Трајче Стафилов, кандидат за почесен член на МАНУ, предложен од Одделението за природно-математички и биотехнички науки. Врз основа на познавањето на кандидатот и согледувањето на неговата научна извонредност, имам особена чест да го поднесам овој реферат.

## ОСНОВНИ БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И НАПРЕДУВАЊЕ ВО КАРИЕРАТА

Д-р Трајче Стафилов е роден на 20 октомври 1949 година во село Чемерско, Кавадарци. Основно училиште (1964 година) и гимназија (1968 година) завршил во Кавадарци. Во учебната 1968/69 година се запишал на групата за применета хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дипломирал во 1972 година како најдобар студент во генерацијата, здобивајќи се со звањето дипломиран инженер по хемија. По отслужувањето на воениот рок, во учебната 1973/74 година се запишал на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје на групата за молекуларна спектроскопија. Магистрирал на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје во 1977 година со одбрана на магистерската работа под наслов „Вибрациони спектри на некои циклични амиди и на нивни метални соединенија“. Во 1982 година ја пријавил, а во 1985 година ја одбранил докторската дисертација под наслов „Застапеност на ретки и благородни метали во арсен-антимонската руда од Алшар и можност за нивно концентрирање“ и со тоа се здобил со звањето доктор по хемиски науки (Прилог, точка 1).

Во 1974 година бил назначен за помлад асистент на Хемискиот институт на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Од 1978 до 1985 година бил раководител на Лабораторијата во ФЕНИ, Кавадарци, каде што менаџирал со изградбата, опремувањето и пуштањето во работа на лабораторијата. Од 1985 до 1988 година бил вработен во Институтот за рударство и металургија при Рудници и железарница во Скопје, каде што во 1986 година бил избран во звањето научен соработник. Во периодот 1986 – 1988 година бил

секретар на Научниот совет на овој индустриски институт. Во 1988 година е избран за доцент на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет, во 1993 година за вонреден професор, а во 1997 година за редовен професор по предметот Операции и процеси во хемиската индустрија. Од 2017 година професорот Стафилов заминува во пензија иако продолжува континуирано со неговата интензивна научноистражувачка активност.

На Институтот за хемија бил ангажиран со изведување настава по предметот Индустриска хемија и Експериментална аналитичка хемија (за студентите од применетата насока) и Токсиколошка хемија за студентите од насоката Аналитичка биохемија. Две години држел настава по предметот Основи на хемиската технологија (1988/89 до 1989/90) и една година по предметот Хемиско школско експериментирање (1991/92). На постдипломските студии на Институтот за хемија бил одговорен наставник за предметите Спектроскопски и радиохемиски аналитички методи и Хемија на животната средина.

Како истакнат професор на Институтот за хемија, професорот Стафилов вршел важни раководни функции како што се раководител на Заводот за физичка хемија, шеф на Институтот за хемија при ПМФ, и раководител на постдипломските студии по хемија на ПМФ (2003 – 2013). Покрај тоа, бил и претседател на Советот на Природно-математичкиот факултет во Скопје (1991 – 1993). Неговата висока стручност е одамна препозната во нашата земја, па затоа бил член на Советот на министерот за животна средина на Република Македонија (1999 – 2003) и член на Советот за води на Република Македонија (2010 –2014).

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА, НАУЧНА ПУБЛИЦИСТИКА И ВЛИЈАНИЕ ВО АКАДЕМСКАТА СРЕДИНА И НАУЧНАТА ОБЛАСТ

Главни подрачја на научен интерес на професорот Стафилов се истражувањата во аналитичката хемија, животната средина и анализа и контрола на технолошки процеси. Во научноистражувачката работа користи серија инструментални техники за анализа од кои најважни се атомската апсорпциона и емисиона спектрометрија, гасната хроматографија со масено-спектрометриска идентификација на компонентите, високоефикасната течна хроматографија, како и спектроскопијата, односно спектрофотометријата во инфрацрвеното, ултравиолетовото и видливото спектрално подрачје.

Професор Стафилов е еден од најплодните автори од Македонија во меѓународната научна литература и е истражувач со респектабилен меѓнароден углед во својата научна област. **Неговиот импресивен научен опус вклучува 529 труда печатени во научни списанија, од кои 9 се прегледни трудови** (Прилог, точки 3 – 5). Од овој број, 274 труда (дополнети со 38 труда поврзани со меѓународни европски проекти) се печатени во списанија со фактор на влијание (импакт-фактор), со што професорот Стафилов се издвојува како истражувач кој има најголем број објавени трудови во списанија со импакт-фактор од Македонија. Во базата SCOPUS, заклучно со август 2025 година, евидентирани се 322 труда под авторство на професорот Стафилов, кои се вкупно цитирани 7.438 пати во 325 различни публикации, со вкупен Хирш-фактор 45. Според базата *Science Citation Index,* неговите трудови се вкупно цитирани 5.185 пати. **Со ова, професорот Стафилов е на самиот врв на листата на најцитирани автори од Македонија во светската научна литература и е истражувач кој извршил глобално влијание во развојот на научната област.** Неговата научна извонредност ја доби својата врвна меѓународна афирмација со неговото вклучување во листата на **Stanford University World's Top 2% Scientistst за целата кариера заклучно со 2024 година**.

Покрај импресивната публицистика во научни списанија, професорот Стафилов е автор или коавтор на **вкупно 25 научни монографии, 34 поглавја во научни монографии и 10 монографии од системски карактер** (Прилог, точка 2). Автор е на 7 учебни универзитетски помагала, а автор/коавтор е на 3 иновации и 7 патенти.

Како резултат на неговиот изграден меѓународен углед, професорот Стафилов бил поканет да одржи **61 пленарна и 8 секциски предавања на научни манифестации во светот, како и 12 предавања по покана од академски институции.** Соодветно на неговата плодна научна публицистика, бил рецензент на голем број книги и трудови за бројни издавачи на научна литература во светот, што е несомнена потврда за неговите научни квалитети и достигања.

**Професорот Стафилов учествувал на огромен број научни манифестации, при што презентирал повеќе од 650 научни трудови.** Уште поважно, учествувал во организација на научни манифестации кај нас и во странство, при што бил член на организациски или научни одбори на вкупно 66 научни собири, од кои на 7 бил претседател на научните или организациските одбори.

Значителен дел од научната работа е изведен низ впечатливо голем број научноистражувачки проекти (повеќе од 110), од кои 60 се меѓународни проекти, при што професорот Стафилов бил раководител и главен истражувач на 17 од нив. Покрај тоа, работел на други 50 домашни проекти, од кои 16 се изработени под негово раководство.

Како резултат на неговата врвна експертиза и углед како професор на Институтот за хемија при ПМФ во Скопје, **под негово менторство се изаработени 21 докторска дисертација,** што е поголем број во однос на кој било друг професор на Природно-математичкиот факултет. Покрај тоа, бил ментор при изработка и на голем број магистерски тези (45), специјалистички работи (7) и повеќе од 150 дипломски работи. Значителен број од неговите кандидати прераснале во академски професори, истражувачи и истакнати експерти во земјата и во странство, што несомнено говори за исклучителниот капацитет на професорот Стафилов за дисеминација на неговото знаење и експертиза и формирање на академски и стручен кадар.

Неговите академски постигања се резултат и на богата меѓународна соработка реализирана преку студиски престои на институции во светот, меѓу кои поважни се оние во Швајцарија (Applied Research Laboratories, Lozanne (1982)), Германија (Institute of Nonferrous Metals, Freiburg (1990) и Max-Plank Institute of Nuclear Physics, Heidelberg (1991 и 1994)), Јапонија (Japan Environment Assessment Center, Tokyo, (1998)) и Турција (Uludag University, Faculty of Science, Department of Chemistry, Bursa (1999).

## НАУЧНО ИЗДАВАШТВО И ЧЛЕНСТВО ВО НАУЧНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Професорот Стафилов е клучен протагоност за развојот на научното издаваштво од областа на хемијата и животната средина во Македонија. Во три мандатни периоди од по 4 години бил член, а потоа секретар и главен уредник на Уредувачкиот одбор на списанието „Гласник на хемичарите и технолозите на Македонија", а во моментов е член на Издавачкиот совет на списанието со сегашен назив *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering,* кое прерасна во меѓународно списание со фактор на влијание. Од 2023 година тој е главен уредник на научното списание *Macedonian Journal of Ecology and Environment*.

Покрај дома, професорот Стафилов е активен учесник и во научното издаваштво на меѓународен план. Во овој контекст, важно е да се истакне дека во периодот 2000 – 2002 година бил член на Уредувачкиот одбор на списанието *International Journal of Molecular*

*Sciences*, од 2005 година е член на Уредувачкиот одбор на списанието *International Journal of Pure and Applied Chemistry*, а од 2005 година досега е член на Уредувачкиот одбор на поголем број меѓународни научни списанија (*International Journal of Pure and Applied Chemistry*, *The Open Paleontology Journal*, *Global Journal of Environmental Science and Technology*, *International Journal of Environmental Protection*, *ISRN Spectroscopy*, *Journal of Environmental Trace Analysis*, *Modern Chemistry & Applications*, *Frontiers in Soil Science*, *International Scholarly Research Notices – Environmental Chemistry* и *Journal of Agriculture Science and Applications*).

Како научник со висок меѓународен углед, професорот Стафилов е избран за член на Академијата за еколошки науки на Балканската асоцијација за екологија (*BENA Academy for Environmental Sciences*), а во 2023 година е избран за член на Европската академија (*Academia Europaea*) со седиште во Лондон. Покрај тоа, тој е член и на Балканската асоцијација за животна средина (Balkan Environmental Association), на Македонското еколошко друштво и на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија.

Како врвен експерт во својата област, професорот Стафилов од 2007 година е ангажиран од страна на Обединетите нации во работата на Програмата за животна средина (UNEP), како член на Координациската група за глобален мониторинг-план за перзистентни органски супстанци (GMP), а од 2012 година и во Комитетот за ревизија на перзистентните органски супстанци (POPRC).

## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Како резултат на врвните академски и научноистражувачки постигања, професорот Стафилов е добитник на серија награди и признанија, како што се: Златна диплома на *16. Yugoslav Exhibition of Inventions, Technical Promotions and Innovations*, RASTYU 88, Rijeka (1988), Златна диплома на 2. МАКИНОВА 91 и *XII* Изложба на технички иновации, Скопје (1991), Патент на годината 2003 на Република Македонија и Златна диплома на *52^nd^ World Exhibition of Innovation Research and New Technology*, Brussels, за патентот: Polymeric inhibitor for pickling of steel sheets (2003).

Во 2009 и во 2017 година ја добил државната наградата „Гоце Делчев“ како општествено признание за особено значајно остварување во сите области од науката од интерес на Република Македонија за монографиите „Геохемиски атлас на Велес и околината“ и „Геохемиски атлас на Република Македонија“. Во истата година добил и

Плакета за придонес и афирмација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2022 година добил Плакета во знак на признание за посебен придонес за развојот на научноистражувачката дејност, интернационализацијата и афирмацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за исклучително достигнување во кариерата и објавени повеќе од 100 научни трудови афилирани на Универзитетот, индексирани во базата Web of Science и за исклучително достигнување во кариерата и меѓународно признаена извонредност преку застапеност во листата на Stanford University World’s Top 2 % Scientistst за целата кариера заклучно со 2021.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од досегашната кратката анализа на академскиот и научен профил на професорот Трајче Стафилов, несомнен е заклучокот дека станува збор за исклучителен и врвен истражувач од Македонија, со висок меѓународен углед, човек со извонреден интелектуален потенцијал и ретка работоспособност. Количината на научните резултати, нивната интердисциплинарност и применлив карактер, како и нивниот одек во меѓународната научна средина, зборува дека професорот Стафилов извршил видливо влијание во развојот на научната област кај нас, но и на глобално ниво, со што оставил неизбришливи траги во академскиот напредок и афирмацијата на Македонија во високите меѓународни интелектуални кругови. Очигледно е дека Македонската академија на науките и уметностите ќе го зголеми својот углед на домашен и на меѓународен план со приемот на професорот Стафилов за нејзин почесен член, но и ќе ја исполни својата морална обврска за неодминливо препознавање и оддавање признание на врвните истражувачи од Македонија. Оттука, со особено задоволство и сесрдно му предлагам на Одделението за природно-математички и биотехнички науки, како и на Собранието на Македонската академија на науките и уметностите, да го избере професорот Трајче Стафилов за почесен член на Академијата.

Рецензент

**Валентин Мирчески,**

дописен член на МАНУ и редовен професор на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје